**Одржан прв состанок на директори на Платежни Агенции на земји од Југоисточна Европа, земји кандидати и потенцијални кандидати за членство во ЕУ (14.03.2012 година)**




Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој беше домаќин на првиот работен состанок на директори на Платежни Агенции од земјите на Југоисточна Европа.

Покрај од земјата домаќин и земјите од Југоисточна Европа, земји кандидати и потенцијални кандидати за членство во ЕУ, на состанокот учествуво земаа и претставници од Генералниот директорат за земјоделство и рурален развој задолжен за ИПАРД во Брисел, како и работни тела, т.е. одделенија при Министерствата за земјоделство надлежни за финансиски прашања во руралните плаќања.





Зајакнување на регионалната соработка на постојните и идните платежни агенции, размена на податоци и искуства за процесот на акредитација и преносот на правото за управување со ИПАРД фондовите , идните предизвици и можности за финансирање на земјоделството и руралниот развој во рамките на ИПАРД помошта за наредниот програмски период 2014-2020, како и нацрт документот на ИПА Регулативата за периодот по 2013 година беа главни теми на состанокот.

Состанокот беше поддржан од Постојаната работна група за регионален рурален развој (SWG).